# Од нормализација до самоцензура –




# АНАЛИЗА

## на онлајн вознемирувањето врз новинарките во Северна Македонија

ОБСЕ
Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

ГИНА
Платформа за истражувачко новинарство и анализи

Од нормализација до самоцензура –

# АНАЛИЗА
## на онлајн вознемирувањето врз новинарките во Северна Македонија

**Издавач:** Платформа за истражувачко новинарство и анализи
**Соиздавач:** Мисија на ОБСЕ во Скопје
**Авторка:** Бојана Јовановска
**Уредничка:** Кристина Озимец
**Графички дизајн:** Полиестердеј
**Лекторка:** Јана Михајловска
**Истражувачки:**
Ивана Митровска
Марина Лазаревска
Силвана Жежова-Станковска

2022, Скопје

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

316.647.5:004.738.5]:070.422-055.2(497.7)(047.31)
364.634:004.738.5]:070.422-055.2(497.7)(047.31)

**ЈОВАНОВСКА, Бојана**
Од нормализација до самоцензура [Електронски извор] : анализа на онлајн вознемирувањето врз новинарките во Северна Македонија / [авторка Бојана Јовановска]. - Скопје : Платформа за истражувачко новинарство и анализи : Мисија на ОБСЕ во Скопје, 2022. - 51 стр. : илустр. ; 21 см

Начин на пристапување (URL):
https://www.osce.org/mk/mission-to-skopje/526988. - Текст во ПДФ формат, содржи 48 стр., илустр. - Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 46-48

**ISBN** 978-608-5014-02-6 **(ПИНА)**
**ISBN** 978-608-4788-82-9 **(ОБСЕ)**

а) Новинарки -- Вознемирување -- Интернет -- Македонија -- Истражувања

**COBISS.MK-ID 58237445**

Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

# / СОДРЖИНА /

**ВОВЕД** .......... **4**

**МЕТОДОЛОГИЈА** .......... **7**

**АНАЛИЗА** .......... **8**

Анализа на содржина .......... 8

Анкета .......... 16

Интервјуа со релевантни чинители .......... 33

**ЗАКЛУЧОЦИ** .......... **39**

**ПРЕПОРАКИ** .......... **42**

**БИБЛИОГРАФИЈА** .......... **46**

# / ВОВЕД /

Целта на вознемирувањето и нападите во дигиталниот простор е да се замолчат гласовите на оние кон кои се упатени. Меѓутоа, имајќи ја предвид слободата која ја дава дигиталниот простор и (навидум) неограничените можности за комуникација, онлајн вознемирувањето влијае не само на лицето кон кое е упатено, туку и кон сите оние што го читаат. Оттука, на пораката која е упатена до одредена индивидуа, како индиректна жртва се јавува и одредена група на луѓе кои споделуваат  одредени заеднички идентитетски карактеристики, мислења, ставови со примарната жртва на онлајн нападот. Лицето кое вознемирува, преку својата намера да ја дисциплинира жртвата, успева да влијае и на поведението на пошироката публика која се идентификува со жртвата. Затоа, онлајн вознемирувањето и нападите врз новинарките во својата позадина ја имаат целта за замолчувањето на сите новинарки, но и на сите жени.

Корените на замолчувањето на женските гласови ги наоѓаме во патријархалниот систем на вредности чии краци сѐ уште навлегуваат во сите сфери на нашето општество, а во чии рамки внимателно се негуваат традиционалните родови улоги и стереотипи. Во новинарството, иако сѐ повеќе се карактеризира како „женска“ професија, пред сѐ поради сѐ поголемиот број на жени кои се занимаваат со оваа професија, сепак очигледна е дискрепанцата во однос на присуството на жените во процесите на донесување на одлуки, а особено во рамки на центрите на моќ.

Имајќи предвид дека жените се диспропорционално многу повеќе засегнати со феноменот на родово базирано насилство во физичкиот свет, родово заснованите карактеристики на насилството всушност само се пресликаа во неговата феноменологија и во дигиталниот простор. „Новиот простор“, кој ги промовира принципите на развој и слобода, наместо да придонесе за своевидна еволуција на родовите улоги, всушност претставува само континуум на патријархалните стуктури.

И покрај тоа што развојот на новите технологии за комуникација и експанзијата на дигиталниот простор овозможија вокализација на голем број индивидуи кои ја немаа таа можност во офлајн светот, сепак наметнаа нови предизвици, но и сериозни ризици за сите, а особено за оние лица чија професија е тесно поврзана со јавноста, како новинарството. Па така, новинарките од една

страна добија повеќе можности за видливост, развој и промоција на својата работа и своите ставови, што од друга страна значи и поголема изложеност на онлајн насилство, бидејќи *да се биде жена и да се има свое мислење може да биде опасна комбинација во дигиталниот простор.*[1]

Почетокот на 2020 година ја донесе и пандемијата на вирусот Ковид-19 која драстично го промени начинот на живот, а особено начинот на комуникација. Имајќи ја предвид неопходноста на социјално дистанцирање во физичкиот простор, како мерка за заштита од заразување со вирусот, сè поголем дел од комуникацијата и социјализацијата се префрли во дигиталниот простор. Ова придонесе кон драстично зголемување на онлајн вознемирувањето и насилството. Пандемијата предизвика зголемување на насилството врз жените кои поради рестриктивните мерки се најдоа затворени во својот дом со сторителите, што подеднакво се прелеа и во дигиталниот простор.

Иако Северна Македонија бележи мал напредок во 2021 година според Индексот за слободата на медиумите, сепак извештајот на Репортери без граници укажува дека ситуацијата со медиумите е влошена, имајќи предвид дека владините претставници продолжиле да се закануваат и да упатуваат навреди кон медиумите, додека интернет заканите и вербалните напади врз новинарите се во пораст на социјалните мрежи.[2] Имајќи предвид дека во изминатите неколку години, политичките партии во земјава ја препознаа улогата на дигиталниот простор, особено социјалните медиуми во креирањето и контролирање на јавните наративи, дигиталниот простор прерасна во бојно поле на различни центри на моќ во земјава. Како резултат, се зголеми ранливоста на оние кои даваат критички осврт пред јавноста за наративите кои се пласираат.

Во изминатиот период, сознанијата од терен, како и податоците од истражувањата на новинарските здруженија укажуваат на тоа дека новинарките во нашата земја сè повеќе се соочуваат со вознемирување и напади во диги-

1 Antonijevic, Z. (2016). The media cannot be truly free if women's voices are silenced. Во: New Challenges to Freedom of Expression: Countering Online Abuse of Female Journalists. OSCE. Достапно на: https://www.osce.org/files/f/documents/c/3/220411.pdf

2 ЗНМ. (2021). Анализа: Слободата на медиумите и безбедноста на новинарите во РСМ низ призмата на постојните законски решенија -Како до подобри решенија? Достапно на: https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2021/06/publikacija-MK-internet-1.pdf

талниот простор при вршењето на нивната работа.[3] Имајќи ја предвид важноста на ова прашање, кое недоволно се третира во јавноста, како и поради нормализацијата на ваквиот вид на случувања кои можат да имаат сериозни последици врз работата на новинарките, како и нивната безбедност, оваа анализа се фокусираше на подлабинско истражување на состојбата, со цел да дојде до релевантни податоци. Преку изработка на оваа анализа, во рамки на проектот „Промовирање на безбедноста на новинарките и професионалните стандарди во медиумите", поддржан од Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Платформата за истражувачко новинарство и анализи - ПИНА, како организација која веќе неколку години работи на менување на свеста за позицијата на новинарките во македонското општество, ќе се обиде да даде придонес за актуелизирање на оваа тема. Оттука, оваа анализа има за цел да даде увид во состојбата со онлајн вознемирувањето и нападите на новинарките во Северна Македонија, како форма на родово базирано насилство, како и идентификување на можни решенија за надминување на проблемот и механизми и ресурси за обезбедување на соодветна заштита и помош.

[3] Види повеќе во Спировски, М. и Настеска Каланоска, Б. (2022). Северна Македонија: Показатели за степенот на слобода на медиумите и за безбедноста на новинарите во 2021. ЗНМ. Достапно на: https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2022/05/MK-MK-2021-finalen-izvestaj.pdf и Тунева, М. и Сандев, Л. (2022). Безбедноста на новинарите и медиумските работници – реалност или континуирана казна. ЗНМ. Достапно на: https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2022/03/MK_Bezbednost-na-novinarite-i-mediumskite-rabotnici-130322.pdf

# / МЕТОДОЛОГИЈА /

За изработка на оваа анализа беше применет комбиниран метод на истражување кој се состоеше од квантитативна и квалитативна анализа на примарни и секундарни податоци. Притоа, податоците за анализата беа прибирани преку примена на неколку истражувачки инструменти:

1. **Анализа на содржина** – истражувања, извештаи, правни анализи и други публикации објавени во областа, домашна и меѓународна регулатива;

2. **Анкета** – во месец мај, 2022 година беше спроведен онлајн прашалник преку платформата Гугл формс (Google Forms), кој беше одговорен од страна на 103 новинарки. Во Северна Македонија нема официјален податок за бројот на новинари, а оттука и новинарки. Според проценките на различни чинители кои работат во областа, бројот на новинарки во земјава изнесува помеѓу 250 и 350. Последните податоци за членството на Здружението на новинари на Македонија укажуваат на бројка од 293 жени наспроти 329 мажи, во кои покрај новинарките и новинарите вклучени се и останатите медиумски работнички и работници. Дополнително, не сите новинари и новинарки членуваат во Здружението. Водејќи се од овие проценки, со анкетата беа опфатени помеѓу 30% до 40% од новинарките кои работат во земјава. Креирањето на прашалникот, како и процесот на анкетирање беше спроведен од страна на ПИНА - Платформата за истражувачко новинарство и анализи. Прашалникот се состоеше од вкупно 40 прашања, кои беа групирани според неколку тематски целини. Во процесот на анализа на податоците од спроведената анкета одговорите на прашањата беа групирани според тематски целини кои делумно се разликуваат од примарно поставените, со цел да се има посоодветен редослед на одговорите.

3. **Интервјуа со релевантни чинители** – беа спроведени вкупно 4 полуструктурирани интервјуа со релевантни чинители кои работат во областа на новинарството и/или родово базирано насилство, со фокус на дигиталниот простор. За целите на оваа анализа, во главниот текст се издвоени само најсоодветните податоци.

# / АНАЛИЗА /

## Анализа на содржина

Статистиките за распространетоста на родово базираното насилство, кои се достапни во Северна Македонија, укажуваат дека живееме во средина во која насилството врз жените е секојдневие и токму еден од главните проблеми е нормализацијата на насилството, којашто е широко распространета во нашата земја. Едно од поновите истражувања на ОБСЕ во земјава,[4] укажува на тоа дека најголем дел од жените сметаат дека насилството е вообичаена појава и приватна работа, што всушност ни укажува на ниското ниво на свесност, како за насилството, така и за неговите фатални последици.

Во изминативе неколку години постепено се зголемува интересот за справување со дигиталното насилство, а особено со неговите негативни последици, што е евидентно од сè поголемиот број на истражувања и публикации кои ја третираат оваа проблематика. Меѓутоа, дигиталното насилство, а особено неговата родова димензија, сè уште е недоволно истражено во нашата земја. Причините можат да се лоцираат во недоволната родова сензитивност на јавноста и на релевантните институции, но и тоа што дигиталниот простор во земјава е област која е недоволно позната, а воедно и законски регулирана.

Родово базираното насилство во дигиталниот просторот претставува склоп на насилни дејствија насочени кон жени и девојчиња поради нивниот родов идентитет, сторени или потпомогнати, делумно или целосно, преку употреба на информациски и комуникациски технологии, што како резултат може да доведе до сериозни последици по здравјето, интегритетот и достоинството на жртвата и нејзините блиски пријатели или фамилија, и да ја доведат жртвата до животозагрозувачка состојба.[5] Во контекст на професијата, дигиталното насилство врз новинарките и други медиумски работнички претставува директен напад

[4] ОБСЕ. (2019) Истражување спроведено од ОБСЕ за насилството врз жените во Северна Македонија: Благосостојбата и безбедноста на жените. Достапно на: https://www.osce.org/files/f/documents/5/4/424409_0.pdf

[5] Петковска, Н. и Лешоска, В. (2021). За кого интернетот е безбедно место? Родово засновано насилство во онлајн просторот. Достапно на: https://glasprotivnasilstvo.org.mk/wp-content/uploads/2021/12/Za-kogo-internetot-e-bezbedno-mesto-finalno.-docx.pdf

на нивната видливост и можноста за целосно учество во јавниот живот.[6]

Новите дигитални платформи за јавно информирање, покрај позитивните аспекти, донесоа дополнителни притисоци врз новинарите и медиумските работници, меѓу кои и изложеност на онлајн закани и напади.[7] И покрај тоа што новинарството е професија во која постои ризик и изложеност на насилство подеднакво и на новинарките и на новинарите, нападите врз новинарките се родово базирани и сексуализирани, како во онлајн, така и во офлајн просторот, имајќи предвид дека новинарките се таргетирани не само за содржината на нивното известување, туку и за самиот факт што се жени кои се осмелуваат јавно да говорат.[8] Стравот од вознемирување и напади го менува однесувањето и постапките на новинарките, притоа придонесувајќи за појава на психолошки проблеми, самоцензурирање, исклучување на личните профили на социјалните мрежи, како и преиспитување на нивниот професионален избор.[9]

Според податоците од истражувањето на Меѓународната федерација на новинари, дури 64% од новинарките се соочиле со онлајн насилство, од кои речиси половина (47%) не го пријавиле случајот.[10] Истото истражување укажува на загрижувачки податоци за влијанието на онлајн насилството, предизвикувајќи сериозни психолошки последици, како стрес и анксиозност кај 63%, самоцензура кај 38% и губење на работното место кај 8% од новинарките.

За отворањето на „новиот“ простор за родово базирани напади врз новинарките говорат и последните податоци на Репортери без граници за Северна Македонија. Според  податоците, и покрај тоа што не постојат јасни ограничувања во социјалната и културната средина кои влијаат на слободното новинарство,

6 UN. (2020). Combating violence against women journalists: Report of the Special Rapporteur on violence against women, its causes and consequences. Достапно на: https://documents-dds-ny.un.org/doc/UNDOC/GEN/G20/109/79/PDF/G2010979.pdf?OpenElement

7 Бејкова Јошеска, Б. и Џигал, С. (2022). Анализа – Безбедносната и социо-економската состојба во медиумите: Со заедничко дејствување до поголемо почитување на правата на новинарите и на медиумските работници. ЗНМ и ССНМ. https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2022/03/Bezbedni-Mediumski-Rabotnici-Analiza-Book-WEB-MKD.pdf

8 Khan, I. (2021). #JournalistsToo – Women Journalists Speak Out. Достапно на: https://srfreedex.org/wp-content/uploads/2021/11/JT_English.pdf

9 Ferrier, M. (2018). Attacks and Harassment: The Impact on Female Journalists and Their Reporting. International Women's Media Foundation. Достапно на: https://www.iwmf.org/wp-content/uploads/2018/09/Attacks-and-Harassment.pdf

10 IFJ global survey shows massive impact of online abuse on women journalists. https://www.ifj.org/media-centre/news/detail/article/ifj-global-survey-shows-massive-impact-of-online-abuse-on-women-journalists.html

социјалните мрежи и дигиталната сфера генерално го фаворизираат ширењето на дезинформации и сајбер-закани, кои во комбинација со ниските професионални стандарди придонесуваат за опаѓање на довербата на јавноста во медиумите и отворање на пат за напади врз новинари врз основа на родови, етнички или верски критериуми.[11]

И покрај тоа што не постојат прецизни статистички податоци во Северна Македонија дали новинарките и медиумските работнички се поизложени на напади, притисоци, вознемирување и уцени, сепак генералниот впечаток е дека опкружувањето во кое живееме дозволува новинарките да бидат цел на поголеми навреди од нивните колеги, само поради фактот што се жени.[12] Родовите стереотипи се отсликуваат во содржината на коментарите и пораките кои се упатени кон новинарките, кои многу почесто се однесуваат на атрибутирање на нивниот физички изглед, отколку на нивната работа. Оттука, новинарките најчесто се подложени на навреди и омаловажувања кои го уриваат нивниот личен и професионален углед, со квалификации што се однесуваат единствено на жените, во пејоративно значење.[13]

Пандемијата на родово базирано насилство која беше еден од несаканите ефекти на пандемијата на вирусот Ковид-19 се прелеа и во дигиталниот простор, па така во 2020, и покрај тоа што бројот на физички напади врз новинарите се намали, забележана е растечка тенденција на онлајн насилство и вербални злоупотреби.[14]

За родовата димензија на онлајн нападите врз новинарки во земјава говорат податоците според кои повеќе од половина од вкупните напади врз новинарите во 2020 и 2021 година се врз новинарки и тоа преку користење интер-

11 Reporters without Borders. Достапно на: https://rsf.org/en/country/north-macedonia

12 Тунева, М. и Сандев, Л. (2022). Безбедноста на новинарите и медиумските работници – реалност или континуирана казна. ЗНМ. Достапно на: https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2022/03/MK_Bezbednost-na-novinarite-i-mediumskite-rabotnici-130322.pdf

13 Спировски, М. и Настеска Каланоска, Б. (2022). Северна Македонија: Показатели за степенот на слобода на медиумите и за безбедноста на новинарите во 2021. ЗНМ. Достапно на: https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2022/05/MK-MK-2021-finalen-izvestaj.pdf

14 US Department of State. (2021). 2020 Country Reports on Human Rights Practices: North Macedonia. Достапно на: https://www.state.gov/reports/2020-country-reports-on-human-rights-practices/north-macedonia/

нет платформи или социјални мрежи.[15] Онлајн нападите врз новинарките во вршењето на својата работа се дополнително засилени и со сексистичка и мизогина дискриминација.[16] Притоа, и заканите кои ги добиваат новинарите најчесто се упатени токму преку социјалните мрежи.[17]

Различните форми на родово базирана дискриминација со кои се соочуваат новинарките во рамки на организацијата во којашто работат, но и од страна на општата јавност, како и податоците за родовата структура на сопственоштвото и вработените на нивоата што имаат моќ за носење одлуки, кои укажуваат на пониска застапеност на жените на овие позиции,[18] го наметнува ризикот од нивна недоволна вклученост во процесите на донесување одлуки кои соодветно ќе ги изразат специфичните потреби на жените во новинарската професија, вклучително и во донесувањето на политики и закони во оваа област.

Досегашните анализи на националната законска регулатива во оваа област, како и нејзината усогласеност со меѓународните стандарди за заштита новинарите, јасно ја покажуваат потребата за измени во законодавството, во насока на превенција и заштита од нападите врз новинарите и другите медиумски работници. Според Репортери без граници, додека Уставот ја гарантира слободата на говорот и забранува цензура, Северна Македонија заостанува во однос на усогласувањето на медиумското законодавство со стандардите на Европската Унија.[19]

Дополнително, легислативата во полето на заштита на жените од насилство во дигиталниот простор е речиси непостоечка. За нејзиното отсуството сведочи и неодамнешниот случај „Јавна соба“ во кој помеѓу стотиците жени, жртви беа

15 Сулејман, Д. и Брешковски, И. (2022). Напади врз новинарите и медиумските работници 2017-2021 година – Тенденции и препораки. ЗНМ. https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2022/06/Attacks-on-journalists-MK-310322.pdf

16 Сулејман, Д. и Брешковски, И. (2022). Напади врз новинарите и медиумските работници 2017-2021 година – Тенденции и препораки. ЗНМ. https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2022/06/Attacks-on-journalists-MK-310322.pdf

17 Бејкова Јошеска, Б. и Цигал, С. (2022). Анализа – Безбедносната и социо-економската состојба во медиумите: Со заедничко дејствување до поголемо почитување на правата на новинарите и на медиумските работници. ЗНМ и ССНМ. https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2022/03/Bezbedni-Mediumski-Rabotnici-Analiza-Book-WEB-MKD.pdf

18 Старова, Н. (2022). Клучните системски празнини и можни решенија за надминување на јазот во платите и потенцијалните проблеми со хиерархиската поставеност во медиумите базирани на родовата дискриминација – документ за политики. ЗНМ. Достапно на: https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2022/02/AJM_BTD_Rodova-diskriminacija-vo-mediumite_MK_AL_EN-1.pdf

19 Reporters without Borders. Достапно на: https://rsf.org/en/country/north-macedonia

и неколку новинарки, кој потврди дека законот во вакви случаи ги штити само малолетните лица.

Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство,[20] кој стапи на сила на 6 мај 2021 година, вклучува дефиниција на сексуално вознемирување преку интернет како *секое вербално, невербално или друго постапување од сексуална природа, што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика, преку електронските средства за комуникација*. Меѓутоа, и покрај донесувањето на законот, кој во голема мера е во согласнот со Истанбулската конвенција, сепак, повеќе од една година од неговото стапување во сила, измените на Кривичниот законик во насока на криминализирање на делата кои се предвидени со законот, сè уште не се донесени.

Според анализите на новинарските организации во земјава, со предложените измени на Кривичниот закон дополнително се прецизираат правни инструменти и кривични дела што досега не беа опфатени со законот, а со цел да ги заштитат жените од вознемирување и напади.[21] Со предложените измени се воведува и ново кривично дело „демнење“ со кое *тој што повторено неовластено ќе следи, прогонува или на друг начин се меша во личниот живот на друг, или со него воспоставува или настојува да воспостави од него несакан контакт со движење во просторот каде се наоѓа тоа лице, со злоупотреба на користење на личните податоци, со користење на средства за јавно информирање или други средства за комуникација, или на друг начин психички го злоставува, вознемирува или застрашува и со тоа ќе предизвика чувство на несигурност, вознемиреност или страв за неговата сигурност или сигурноста на нему блиско лице, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години*. Имајќи предвид дека вака дефинирано, демнењето ќе го опфати, а со тоа и санкционира вознемирувањето во дигиталниот простор, се очекува дека ќе придонесе за зголемување на безбедноста на новинарките во оваа сфера на делување.

Меѓутоа, донесувањето на законска регулатива не мора да значи и нејзина соодветна примена. Она што сè уште сериозно недостасува е обезбедување на ефек-

[20] Собрание на Република Северна Македонија. (2021). Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство.

[21] Бејкова Јошеска, Б. и Џигал, С. (2022). Анализа – Безбедносната и социо-економската состојба во медиумите: Со заедничко дејствување до поголемо почитување на правата на новинарите и на медиумските работници. ЗНМ и ССНМ. https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2022/03/Bezbedni-Mediumski-Rabotnici-Analiza-Book-WEB-MKD.pdf

тивен одговор на онлајн насилството од страна на раководството и на органите за спроведување на законот.[22]

Сите досегашни истражувања и извештаи во областа, без исклучок, укажуваат на висок степен на недоверба во институциите, без разлика дали станува збор за полицијата, обвинителството или судството. Недовербата се заснова на нивното непостапување или несоодветно постапување, недоволна ефикасност при водење на постапките, незадоволство од исходите на постапките, односно несанкционирање на онлајн вознемирувањето и нападите. Она што е карактеристично за нападите на новинарите во Северна Македонија е дека кон нив не се пристапува со потребниот степен на сериозност од страна на надлежните институции. Многу мал број случаи имаат судска разрешница, додека поголемиот дел од пријавените случаи за напади на новинари завршуваат со пријавата во Министерството за внатрешни работи (МВР) или во Основното јавно обвинителство (ОЈО), без да бидат проследени до судот или, пак, се отфрлаат.[23]

Според едно истражување за безбедноста на новинарите во земјава, од новинарите кои добиле закани, 14.9% не ги пријавиле поради недоверба во судството, 14% недоверба во полицијата, а 13.7% поради недоверба во обвинителството.[24] Во случај на онлајн насилство, новинарите најчесто прво ја информираат јавноста преку своите медиуми и преку своите профили на социјалните мрежи, потоа случајот го пријавуваат во здруженијата, па дури трет чекор е пријавата во релевантната институција.[25]

Податоците на анализата на Здружението на новинари од 2021 година, говори пак дека институциите се инертни и недоволно ажурни при процесирањето слу-

22 Ferrier, M. (2018). Attacks and Harassment: The Impact on Female Journalists and Their Reporting. International Women's Media Foundation. Достапно на: https://www.iwmf.org/wp-content/uploads/2018/09/Attacks-and-Harassment.pdf

23 Ристова, О. (2022). Клучните системски празнини и можни решенија за подобрување на целокупната средина во општеството, од аспект на безбедноста на новинарите и медиумските работници - документ за политики. ЗНМ. Достапно на: https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2022/02/AJM_BTD_Bezbednost-novinarite_MK_AL_EN.pdf

24 Бејкова Јошеска, Б. и Џигал, С. (2022). Анализа – Безбедносната и социо-економската состојба во медиумите: Со заедничко дејствување до поголемо почитување на правата на новинарите и на медиумските работници. ЗНМ и ССНМ. https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2022/03/Bezbedni-Mediumski-Rabotnici-Analiza-Book-WEB-MKD.pdf

25 Ристова, О. (2022). Клучните системски празнини и можни решенија за подобрување на целокупната средина во општеството, од аспект на безбедноста на новинарите и медиумските работници - документ за политики. ЗНМ. Достапно на: https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2022/02/AJM_BTD_Bezbednost-novinarite_MK_AL_EN.pdf

чаи и предмети во кои се вклучени медиумски професионалци.[26] Сето ова придонесува за континуирано присуство на трендот на обесхрабрување на новинарите за пријава на напади, притоа имајќи предвид случаи на сериозни онлајн закани кон новинари, за кои институциите не биле доволно ефикасни во откривањето и казнувањето на напаѓачите.[27]

Воедно и Европската Комисија, во својот последен извештај за напредокот на Северна Македонија, укажува на зголемувањето на заканите од политичарите и од јавните функционери, онлајн вознемирувањето и вербалните напади на новинарите, вклучително и на социјалните мрежи, притоа нагласувајќи дека власта и судскиот систем треба да демонстрира поактивна и систематска осуда на нападите, имајќи предвид дека само мал број на сторители на напади врз новинари се изведени пред лицето на правдата.[28]

Неодамнешната анализа на „Напади врз новинарите и медиумските работници 2017-2021 година“[29] даде увид во праксата во случаите на онлајн насилство, пред сѐ преку постапувањето на МВР како единствена институција која има пристап до механизми за прибирање на докази во дигиталниот простор преку Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика и обвинителството кое пак донесува финална одлука за спроведување на кривична постапка. Имајќи предвид дека постапката за лоцирање на напаѓачите во дигиталниот простор е тешка и бавна, со оглед на тоа што бара од домашните институции да се обратат во странство користејќи инструменти на меѓународна правна помош при прибирање информации во предистражната постапка и тоа преку соодветното министерство, најголем дел од постапките траат предолго и завршуваат со неуспех. Дополнително, нападите често доаѓаат и од анонимни профили или таканаречени „ботови“ кои користат виртуелни приватни мрежи и можат лесно

26 ЗНМ. (2021). Анализа: Слободата на медиумите и безбедноста на новинарите во РСМ низ призмата на постојните законски решенија -Како до подобри решенија? Достапно на: https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2021/06/publikacija-MK-internet-1.pdf

27 Спировски, М. и Настеска Каланоска, Б. (2022). Северна Македонија: Показатели за степенот на слобода на медиумите и за безбедноста на новинарите во 2021. ЗНМ. Достапно на: https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2022/05/MK-MK-2021-finalen-izvestaj.pdf

28 European Comission. (2021). North Macedonia 2021 Report. Достапно на: https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/north-macedonia-report-2021_en?fbclid=IwAR0kUDLDUuHAb33hTZqh-fyOdOJk5c2ocwtd1Fc2RFu06WuFOkREv4bRf1o

29 Сулејман, Д. и Брешковски, И. (2022). Напади врз новинарите и медиумските работници 2017-2021 година – Тенденции и препораки. ЗНМ. https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2022/06/Attacks-on-journalists-MK-310322.pdf

да го сокријат својот траг во онлајн сферата.[30] Притоа, анализата укажува и на присуство на двојни стандарди во однос на експедитивноста во постапување на институциите во случаите за онлајн напади врз новинарите, за разлика од постапувањето во случаи кога е нападнат владин функционер.[31]

Надлежните институции, пред сѐ МВР и ОЈО, немаат оформено посебни оддели или определено вработени лица одговорни за водење на истрагите и постапките поврзани со чиновите на насилство врз новинари.[32]

Од оние случаи кои ќе успеат да влезат во судска постапка, со исклучок на неколку позитивни примери, поточно една судска пресуда во случајот на новинарката Мери Јордановска, судската пракса во случаите на онлајн вознемирување и напади не е во корист на новинарките.

Дополнително, податоците укажуваат и на непостоење на соодветен систем на евиденција на податоци за случаите од страна на сите органи,[33] што оневозможува да се направи детален увид во сериозноста на проблемот, а со тоа и да се креираат соодветни мерки и политики за негово адресирање.

Меѓутоа, доколку ја имаме предвид досегашната неефикасност на релевантните институции при постапување во случаите на родово базирано насилство во физичкиот простор, за жал ќе биде многу тешко во следниот период да очекуваме сериозен пристап кон пријавите во дигиталниот простор, поради веќе анализираните причини.

30 Сулејман, Д. и Брешковски, И. (2022). Напади врз новинарите и медиумските работници 2017-2021 година – Тенденции и препораки. ЗНМ. https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2022/06/Attacks-on-journalists-MK-310322.pdf

31 Сулејман, Д. и Брешковски, И. (2022). Напади врз новинарите и медиумските работници 2017-2021 година – Тенденции и препораки. ЗНМ. https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2022/06/Attacks-on-journalists-MK-310322.pdf

32 Спировски, М. (2021). Индекс на безбедноста на новинарите на Западен Балкан Наративен извештај Република Северна Македонија 2020. ЗНМ. Достапно на: https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2021/11/MK-Safety-Index-MKD_FINAL.pdf

33 Ристова, О. (2022). Клучните системски празнини и можни решенија за подобрување на целокупната средина во општеството, од аспект на безбедноста на новинарите и медиумските работници - документ за политики. ЗНМ. Достапно на: https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2022/02/AJM_BTD_Bezbednost-novinarite_MK_AL_EN.pdf

## Анкета

***Демографски карактеристики на испитаничките***

Речиси половина (46.6%) од анкетираните новинарки припаѓа на возрасната категорија помеѓу 35 и 44 години, додека само 2 новинарки (1.9%) се на возраст помеѓу 18 и 24 години (графикон бр. 1). Според местото на живеење, само 7 од анкетираните новинарки живеат надвор од Скопје и тоа во Штип, Битола, Куманово и Охрид, додека 93.2% живеат во главниот град (графикон бр. 2).




**Графикон бр. 1: Возраст**




**Графикон бр. 2: Место на живеење**

Во однос на видот на медиумот каде работат, речиси половина (48.5%) од анкетираните новинарки се ангажирани во онлајн портал, 30% работат во телевизиски куќи, додека 12.6% во печатени медиуми (графикон бр. 3). Од новинарките, најголем дел односно 48.5% се вработени новинарки. На уредничка позиција работат 22.3% од анкетираните, додека само 9.7% се главни уреднички. Само 6 од анкетираните односно 5.8% се јавуваат како сопственички на медиумот (графикон бр. 4).




**Графикон бр. 3: Медиум во кој сте ангажирани**




**Графикон бр. 4: Позиција во медиумот во којшто работите**

Дури 80.6% од анкетираните работат како новинарки повеќе од 10 години, што укажува на значајно искуство во новинарската работа.

### *Активност во дигиталниот простор*

Сите анкетирани новинарки работат на креирање на медиумски содржини кои се објавуваат онлајн. Во однос на нивната активност на социјалните мрежи, најголем дел од новинарките (53.4%) не објавуваат сопствени ставови и размислувања за јавните политики или дневно политички случувања на социјалните мрежи, додека 27.2% го прават тоа (графикон бр. 5).




**Графикон бр. 5: Дали на социјалните мрежи објавувате Ваши ставови и размислувања за јавни политики или дневно политички случувања?**




**Графикон бр. 6: Дали досега сте се соочиле со онлајн вознемирување поради Вашата работа?**

Значителен број на новинарки односно дури 81.6% се соочиле со онлајн вознемирување поради својата работа (графикон бр. 6). Од нив, 89.9% вознемирување доживеале преку платформата Фејсбук. Помал број односно 24.7% биле вознемирувани на Твитер, 15.7% на Вибер, а 6.7% на Инстаграм (графикон бр. 7).




**Графикон бр. 7: На која платформа сте се соочиле со онлајн вознемирување?**

Според новинарките, мотивот за вознемирувањето најчесто бил поради објава на новинарски текстови насочени кон други центри на моќ (56.6%), во 43.4% од случаите поради објава на сопствени новинарски текстови за општествени случувања кои биле критички кон властите, во 36.1% поради објавени новинарски текстови за општествени случувања кои биле критички насочени кон некоја партија. Мал дел од новинарките биле вознемирувани како резултат на изразување на лични ставови и мислења за општествени случувања кои биле критички кон властите (24.1%) и кон некоја партија (18.1%) (графикон бр. 8).




**Графикон бр. 8: Што сметате дека бил мотивот за онлајн вознемирувањето?**

Во споделените искуства, дел од новинарките причината за вознемирување ја лоцираа во традиционалните родови улоги, особено во сфери кои што сè уште се перцепираат како доминантно „машки“ во нашето општество, како на пример спорт, економија и слично.

*Како спортска новинарка најчесто се соочувам со омаловажувања и навреди од типот „не најдовте ли машко да пишува за спорт“, „седи дома кувај ручек“ „теткава упорна да пишува“, „појма немаш“.* (Билјана Благоеска Петрушева)

Притоа, самиот (претпоставен) родов идентитет на новинарката претставува основа за деградирање на нејзината стручност.

*Не може жени да анализираат тематики кои се од „машка природа“.*
(новинарка во ТВ и печатен медиум)

Начините на кои било демонстрирано вознемирувањето врз анкетираните се различни, но најдоминантни се коментарите под новинарскиот производ (текст, видео) кој бил споделен на социјалните мрежи (63.7%), споменување

на име и презиме на новинарката на социјалните мрежи во негативна конотација поради нејзината новинарска работа (50.5%), како и закани, навреди, вознемирувања во лични пораки преку социјалните мрежи (47.3%).

*Знаеле да прават и монтажа од мои слики, преку кои се нарушува мојот физички изглед. Коментари под текстови, пораки во инбокс се само дел од тоа.* (Р.З., новинарка во печатен и онлајн медиум)

На 29.7% од новинарките биле споделени нивни фотографии во одредени групи на социјалните мрежи, со цел нивна дискредитација. Со онлајн демнење се соочиле 22% од новинарките, додека оркестрирани кампањи биле организирани против 18.7% (графикон бр. 9).




**Графикон бр. 9: На кој начин сте биле вознемирувани?**

*Медиумска личност објави постара фотографија од мене и моја колешка и на објавата пишуваше „грди сте и грди ви се маичките“. Поприлично се вознемирив, особено од коментарите под фотографијата кои повикуваа да бидеме „бесени“, „тепани“ и редица други коментари во сексуална конотација, како и говор на омраза.* (С.А., фриленс новинарка)

Според содржината на онлајн вознемирувањата, најчесто станувало збор за говор на омраза во 69% од случаите, а во нешто помалку случаи бил демонстриран сексизам (51.7%) и шовинизам (43.7%). 24.1% од новинарките добиле закани за физичко насилство, а 19.5% закани по животот (графикон бр. 10).




**Графикон бр. 10: Каква била содржината на онлајн вознемирувањата и нападите?**

*Додека работев во дневен весник дури директно бев заплашена со физичка ликвидација.* (соработничка во онлајн портал)

Неколку новинарки укажуваат на леснотијата со која и едноставна комуникација предизвикува агресивно однесување и пренагласени реакции.

*Редовно забележувам коментари со говор на омраза под објавени статии, каде читателите повикуваат на „ставање на клада“ на новинари поради граматички грешки и слични превиди. Ова ми паднало во очи бидејќи навредите се прееголеми за таква баналност.* (Ивана С., новинарка во онлајн портал)

*Грд коментар во однос на напишан текст, под објава која си ја споделив на личниот твитер профил. Како човек кој е долго време активен на социјални мрежи, не се потресов, но ми беше непријатно поради мигот дека мојата изложеност некому некогаш и некаде му предизвикува тригер да навредува или да биде вербално агресивен.* (Ана Голејшка Цикова)

Во најголем дел од случаите (79.3%) новинарката не го познавала лично вознемирувачот (графикон бр. 11) и значително дел од новинарките (70%) биле вознемирувани од страна на три или повеќе лица (графикон бр. 12).

*Најчесто вознемирувањето е од личности кои го прават истото и со други колешки и дел од нив користат лажни профили.* (уредничка на ТВ)

*Освен јавните коментари на мојот личен профил на Фејсбук, но и на профилот на медиумот каде што се објавени текстовите, добив и неколку пораки во инбокс, иако никој од коментаторите не ми е пријател на социјалните мрежи.* (Ј.П., хонорарна соработничка)




**Графикон бр. 11: Дали го познавате вознемирувачот лично?**




**Графикон бр. 12: Колку различни лица Ве вознемирувале онлајн?**

Загрижувачки е податокот што на прашањето дали онлајн вознемирувањето со кое се соочиле сметаат дека е организирано од некого или е од страна на индивидуалци, дури 36% од новинарките одговориле дека онлајн насилството е организирано (графикон бр. 13).

*Веќе неколку години се соочувам со онлајн вознемирување кое претежно е во форма на булинг и се врши од страна на анонимни и неанонимни „тролови", но и лица активни во политиката и јавниот живот. Речиси во сите случаи, повод за вознемирувањето биле мои новинарски текстови критички за власта, и вознемирувањето се случува јавно и по објавувањето од страна на поединци кои биле дел од институции, или пак се поддржувачи на партии.* (уредничка во медиумска организација)




**Графикон бр. 13:** **Дали сметате дека онлајн вознемирувањето со кое се соочивте е организирано од некого, или се прави од индивидуалци?**

### *Влијанието на онлајн вознемирувањето врз работата и менталното здравје*

Во поглед на фреквентноста, најголем дел од новинарките се соочиле со онлајн вознемирување 5-10 пати (29.1%) и 2-4 пати (24.3%). Само 12.6% од новинарките никогаш не се соочиле со онлајн вознемирување (графикон бр. 14).




**Графикон бр. 14:** **Колку често сте се соочиле со онлајн вознемирување?**

Искусеното вознемирување, кај најголем дел (74.3%) од новинарките не предизвикало промена во нивното понатамошно однесување. Така, на при-

мер, дел од нив изјавиле дека ја игнорираат вознемирувачката содржина која им е упатена, прифаќајќи го како дел од професијата.

*Не реагирам, не возвраќам на навредливи коментари и критики. Мојата работа е јавна и се имам помирено дека социјалните мрежи станаа место на кое секојдневно постои наплив на негативни реакции.* (Д.З., фриленс новинарка)

Но, не секогаш игнорирањето се покажало како успешна стратегија.

*На почетокот ги игнорирав мислејќи дека со недавање важност ќе се откажат. Некои се откажаа, но мнозинството не, а и се појавија мал милион други, дел познати, најголем дел непознати, а значителен дел од нив со скриен идентитет.* (уредничка на ТВ)

6.9% од новинарките помислиле да се повлечат од новинарството како резултат на вознемирувањето, 5.9% престанале да објавуваат за одредени теми и содржини, додека само 3% се исклучиле од платформата на која се случило онлајн вознемирувањето (графикон бр. 15). Кај помалку од половина (39%) од новинарките кои доживеале онлајн вознемирување истото влијаело на нивно самоцензурирање на социјалните мрежи (графикон бр. 16).




**Графикон бр. 15: Каква беше Вашата реакција после онлајн вознемирувањето?**




**Графикон бр. 16: Дали онлајн вознемирувањето кое се случува прави да се самоцензурирате на социјалните мрежи?**

*Мои фотографии беа споделувани на Фејсбук во различни групи, а под фотографиите имаше оркестриран напад со говор на омраза, навреди, закани за физичко насилство, сексизам и шовинизам. Истите ги пријавив до Фејсбук, во надлежните новинарски здруженија, како и МВР. Иако одредени содржини беа отстранети, сепак тоа не беше пречка оркестрираниот напад да продолжи. Закани по живот сум искусила и во лични пораки во инбокс на Фејсбук. Бидејќи сето ова доста психички ме вознемируваше, донесов одлука да се исклучам од оваа мрежа.* (С.Ж., сопственичка на онлајн портал)

*Пораките веќе не ги ни отворам на Фејсбук, Твитерот го избришав комплетно затоа што таму беше највознемирувачки.* (Сашка Цветковска)

Доминантно чувство кај новинарките кое резултирало од онлајн вознемирувањето било чувството на непријатност кај речиси половина (46.6%), а кај нешто помалку односно кај 35.9% предизвикало вознемиреност. 26.2% од новинарките имале неутрални чувства во однос на доживеаното вознемирување како резултат на очекуваност и навика на таквото негативно однесување во нивната работа (графикон бр. 17).




**Графикон бр. 17: Како се чувствувавте после онлајн вознемирувањето?**

*Никогаш не реагирам, ниту пак, сум имала потреба да пријавам некаде, иако имало случаи кога вознемирувањето траело. Најчесто ги решавам овие ситуации со блокирање. Не се вознемирувам, не се чувствувам лошо, навикната сум. Сепак е ова е јавна професија и нормално е некому да се допадне нешто што е објавено, а некому не.* (Антонија Поповска)

Со исклучок на само 6 новинарки, ниту една од останатите 95.1% новинарки не побарале некаков вид на психолошка поддршка и помош. Од оние кои побарале помош, најголем дел се обратиле за помош до своето семејство и пријателите, а помал дел до редакцијата каде работат.

*Она што донекаде ги ублажувало овие навреди и закани е поддршката на колегите и пријателите, кои масовно реагираа на вакво однесување и напади.*
(Сунчица Уневска)

*Уредникот за социјални медиуми ги следи коментарите и ги пријавува. Јас избирам да не ги читам, бидејќи ми создаваат непотребна нервоза, посебно поради фактот што невозможно е таквите коментари да прекинат.*
(Марија Митевска)

Ниту една од новинарките кои се соочила со вознемирување не смета дека вознемирувањето нема да се повтори, напротив најголем дел од новинарките сметаат дека е многу веројатно повторно да се случи (81.6%).

Во 16% од случаите на онлајн вознемирување, вознемирувањето се префрлило и офлајн (графикон бр. 18). Најголем дел од новинарките (76.8%) не чувствуваат страв за својата физичка безбедност како резултат на онлајн заканите (графикон бр. 19).




**Графикон бр. 18: Доколку сте биле вознемирувани онлајн, дали тоа вознемирување се префрлило и офлајн?**




**Графикон бр. 19: Дали се плашите за вашата физичка безбедност поради онлајн заканите?**

*Дополнителни закани за работа имам добиено на тема поврзана со животна средина, од близок соработник на политичар, добив закани по телефон, тој ми кажа дека тоа нема да биде добро за мене и за моето семејство, односно „да не си го пикам носот кајшто не треба“. Сепак ја направив темата, без разлика на притисоците и немаше некакви последици после тоа.*
(главна уредничка на онлајн портал)

Иако онлајн насилството ретко ескалира во физичкиот простор, сепак наметнува сериозна грижа за нивната безбедност. Па така, една новинарка изјави дека по *серија написи со навреди и клевети, кои не престануваа, проследени со закани по живот, ми беше дадена полициска заштита.* (Мирослава Бурнс)

Дополнително, заканите за физичко насилство некогаш не се однесуваат само на конкретната новинарката, туку го опфаќаат и нејзиното најблиско опкружување.

*Најстрашното беше кога почнаа да чепкаат и по децата. Добивав сексистички навреди и кон моите деца.* (водителка/презентерка на вести на ТВ)

*Дел од вознемирувањата ги имам пријавувано, дел од навредите ги премолчувам, иако тоа лошо влијае како на мене, така и на моето семејство, особено доколку навредите се јавни, проследени со моја фотографија и вирални на социјалните мрежи.* (Мери Јордановска)

Според дел од новинарките вознемирувањето често доаѓа од претставници на политички партии, како и некогашни и сегашни функционери.

*Во инбокс неретко ми стигнуваат закани од типот „ќе видиш кога ќе се вратиме, сè ќе скастриме, безмилосно ќе ги сечеме таквите како тебе, внимавај што пишуваш, не си прави непријатели, наместо да уживаш ако си со нашата партија, ти си создаваш непријатели“. Овие пораки често доаѓаат и како „добронамерни совети“ од партиски активисти кои во приватен живот се мои лични или професионални пријатели.*
(соработничка во новинска агенција)

*Имало повеќе случаи на вознемирување на социјалните мрежи. Со навреди, закани за физичко насилство. Најчесто истите доаѓале од партиски активисти. Ниту на една закана или навреда не сум одговорила, затоа што со такви лица не сакам да влегувам во дијалог.* (уредничка во ТВ)

***Заштита и поддршка***

Речиси половина (43.7%) од анкетираните новинарки не го пријавиле случајот на онлајн вознемирување. Од оние кои пријавиле, најчесто тоа го направиле во редакцијата односно 32%, 19.4% го пријавиле во надлежниот орган и 18.4% во некоја од новинарските организации. Мал дел (19.4%) го пријавиле случајот на самата онлајн платформа односно на Фејсбук (графикон бр. 20).




**Графикон бр. 20: Дали сте го пријавиле случајот/случаите?**

И покрај тоа што најголем дел (86.4%) од новинарките одговориле дека знаат во која институција треба да се обратат за да го пријават онлајн вознемирувањето, меѓутоа само 25.2% го пријавиле вознемирувањето во надлежната институција.

*Пријавите во институциите завршуваат без успех. Тоа ги охрабрува и натаму да се закануваат и вознемируваат. Ова пак влијае на мојата работа и со колегите де доведуваме во ситуација на автоцензура особено ако станува збор за интервјуа на лидери на политичките партии, бидејќи тогаш заканите се најчести и најмногубројни.* (уредничка на ТВ)

*Добивав закани по мојот живот и животите на луѓе од моето семејство за напишани текстови за тогашен функционер. Заканите за брзо се реализираа со предупррдувачки напад пред редакцијата. Пријавив само во МВР и насилникот беше предупреден, а приватно беа употребени и други центри на моќ за насилникот да прекине. Се чувствував очајно и загрижено за мојата безбедност и безбедноста на најблиските. Бев и револтирана бидејќи во вакви случаи нема заштита, само предупредување од МВР и секако избор дали да се почне судски процес.* (новинарка во ТВ)

Причината за непријавување на вознемирувањето некои од новинарките ја лоцираат во несоодветната законска регулатива.

*Лично не пријавив, немаме сè уште таков закон во кој тие што коментираат под објавите би се санкционирале. Луѓето си коментираат, често и коментарите се сексистички. Сега за сега нема таква регулација на истите, освен да се избришат.* (новинарка во онлајн портал)

Меѓутоа, како што може да се заклучи од најголем дел од изјавите на новинарките, непријавувањето на случаите на вознемирување најчесто е резултат на високиот степен на недовербата во институциите, независно дали станува збор за полиција, обвинителство или судство.

*Само еднаш имам пријавено онлајн закана, но од полицијата добив одговор дека не можат да преземат ништо додека делото не биде извршено. По тој настан немам доверба во институциите затоа и никогаш повеќе ништо не сум пријавила. Пораките кои ми пристигнуваат на Фејсбук и Вибер ги игнорирам, а медиумот се труди да ги брише таквите коментари под објавите од моите известувања.* (Кристина Атовска)

*Колку што навредите и заканите се зголемуваа, дел од нив и ги пријавив, но резултати немаше. Страв не сум чувствувала никогаш, но револт и бес да, поради нефункционирањето на институциите.* (уредничка на ТВ)

41.9% од новинарките кои пријавиле онлајн вознемирување и напади биле многу незадоволни од соработката со институциите. Само 2 новинарки (6.5%) биле задоволни.

*Лице чиј идентитет само делумно го познавам, да ме демне и вознемирува на Фејсбук, да пишува коментари под мои и објави на кои јас коментирам, кои содржат не само пцости и навреди од најужасен вид туку и закани по мојата безбедност. Случајот е пријавен во МВР, во одделот за сајбер криминал, каде ме сослушаа и земаа податоци, по што вознемирувањата, кои претходно траеја со месеци, конечно запреа.* (Југослава Дуковска)

Воедно, времетраењето на постапките, како и нивниот финален исход значително влијае на мотивацијата на новинарките да ги пријават случаите.

*Во еден од случаите што го пријавив во полиција го презеде обвинителството. Сепак, тоа се случи во 2019 година и сè уште немам информации до која*

*фаза е и зошто истрагата трае толку долго. Доказите што ги дадов речиси ми се изгубија, моето сеќавање избледе, а интересот за правдата после толку години значително опадна.* (уредничка и новинарка во ТВ)

*Четири години од првата онлајн закана добив одлука дека кривичната [пријава] се отфрла оти заканите не биле доволно експлицитни, а тоа што човекот поседувал оружје не морало ништо да значи.* (Катерина Синадиновска)

Меѓутоа дел од новинарките изјавија дека не биле задоволни ниту од постапувањето на новинарските здруженија во кои го пријавиле случаот на онлајн вознемирување.

*Случајот беше пријавен во ЗНМ и адвокатот ми кажа дека нема доволно основа за тужбата, иако говорот на омраза и повиците за насилство беа очигледни. Тој ми предложи да поднесам приватна тужба, што не го направив бидејќи самата природа на случајот не беше приватна. Бев на работното [место во работно] време и целиот настан беше поврзан со мојата работа како новинар.* (уредничка и новинарка во ТВ)

*Случајот (на вознемирување од страна на друга новинарка) го пријавив во МВР и во нивниот сектор за компјутерски криминал, од каде бев известена дека не можат да постапуваат и дека јас сама треба да си го решавам проблемот преку граѓанска тужба против неа. Пријавено беше и на Фејсбук, но и оттаму не реагираа. А најголемото разочарување ми беше од ЗНМ, од каде не почуствуваа потреба ниту да ја опоменат, со образложение дека „таа била наша колешка, а тие не навлегувале во препирки меѓу колеги новинари“.*
(главна уредничка на онлајн портал)

Во однос на пријавување на вознемирувачките содржини преку Фејсбук платформата, и покрај тоа што дел од новинарките ја имаат користено оваа алатка, сепак ниту една од нив не сподели позитивно искуство, односно во ниту еден од пријавените случаи објавата не биле отстранета.

Дел од новинарките споделија и искуства на недоволна поддршка од страна на одговорните лица во медиумот во кој работат, кои не преземаат активности (како на пример, бришење на вознемирувачките коментари и слично) за сметка на зголемен рејтинг на нивниот медиум.

*Видеото беше споделувано и од други следбеници на дотичните па така почнаа да ми стигаат навредувачки пораки во сандаче. Се обратив кај*

*програмскиот директор меѓутоа неговиот коментар беше „добро е, ја гледаат емисијата“. Како се чувствував? Секој ден главоболки, добив одбивност кон работата и емисијата, искрено мизерно е чувството, особено кога нема кој да те заштити во тие моменти.* (водителка/презентерка на вести на ТВ)

*Коментарите под новинарските производи, како навреди, говор на омраза изминативе години како да станаа секојдневие имајќи предвид дека порталите не ги отстрануваат коментарите, кои патем привлекуваат публика, а со тоа се зголемува и досегот на самата објава.* (новинарка во онлајн портал)

Постои поделеност помеѓу новинарките во однос на превенцијата од онлајн вознемирувањето и нападите, па така половина од нив сметаат дека тие може да бидат превенирани, додека другата половина не се согласува со тоа тврдење. Според најголем дел новинарките (36.4%), онлајн вознемирувањето може да се превенира преку соодветно санкционирање на лицата кои вознемируваат, како и со ефикасно постапување на надлежните институции во овие случаи (23.6%). 16.4% од новинарките превенцијата ја гледаат во подигнувањето на свеста, како кај јавноста, така и кај самите новинари, додека 10.9% сметаат дека е потребно донесување на соодветна законска регулатива која ќе ја покрива оваа област (графикон бр. 21)




**Графикон бр. 21: На кој начин може да се превенираат онлајн нападите и вознемирувањата?**

*Единствената превенција е самоцензура, а немам намера да се самоцензурирам, така што и не мислам дека може да се превенираат нападите.* (Кристина Атовска)

Најголем дел од новинарките (31.1%) имаат неутрален став во однос на прашањето колку новинарите, фелата и здруженијата обрнуваат внимание на онлајн вознемирувањето и пружаат поддршка, а скоро подеднаква е распределбата на одговори кои сметаат дека многу (14.6%) или многу малку (15.5%) внимание и поддршка се обезбедува (графикон бр. 22).




**Графикон бр. 22: Колку новинарите, фелата, здруженијата обрнуваат внимание на онлајн вознемирувањето и пружаат поддршка?**

Една третина од новинарките (32%) смета дека нема доволно професионални обуки за дигитална и лична безбедност или за други постоечки механизми за пријавување малтретирање и злоупотреба на дигиталните платформи и социјалните мрежи, а најголем дел (64.1%) пак сметаат дека потребно е да се поработи повеќе на оваа проблематика (графикон бр. 23). Одговорноста за организирање односно спроведување на овој вид на обуки, 72.8% од новинарките ја гледаат кај здруженијата, 61.2% кај институциите, редакциите 59.2%, додека за невладините организации се изјасниле 35.9% (графикон бр. 24).




**Графикон бр. 23: Има ли доволно професионални обуки за дигитална и лична безбедност или други постоечки механизми за пријавување малтретирање и злоупотреба на дигиталните платформи и социјалните мрежи?**




**Графикон бр. 24: Кој треба да биде одговорен за организирање/ спроведување на обуки?**

## Интервјуа со релевантни чинители

Според интервјуираните лица, социјалните мрежи кај нас, особено платформата Фејсбук, станаа простор во кој се префрли најголем дел од комуникацијата и социјализацијата, особено за време на пандемијата на вирусот Ковид-19, а со тоа и онлајн вознемирувањето и нападите.

Според Теодора Цветковска од Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ) *онлајн вознемирувањето постои откога постојат и самите социјални мрежи. Меѓутоа вистинското лице на малтретирањето на социјалните мрежи го видовме со почетокот на пандемијата, затоа што луѓето беа затворени дома и како да немаа што друго да прават освен да седат на интернет.*

Меѓутоа, она што е исклучително загрижувачки се организираните онлајн напади кои најчесто се политички мотивирани и поддржани. За Кристина Озимец од Платформата за истражувачко новинарство и анализи (ПИНА) *она што најмногу загрижува во изминатите години е дека е „јавна тајна“ организираното онлајн таргетирање на секој оној кој ќе биде гласен и критичен за одредени политики. Нападите личат на организирани онлајн хајки, почну-*

*вајќи од клевети, лаги и насочени кон деградирање на новинарките како личности и професионалци во новинарството, со цел да се предизвика недоверба во ниивните новинарски текстови. Освен онлајн нападите од лица со име и презиме често насочени кон новинарки, се случуваат и онлајн напади од анонимни тролови на Твитер најчесто поради некоја сторија, постапка или изјава на новинарката.*

Истовремено, социјалните мрежи и медиуми, станаа моќна алатка која неминовно донесе и многу предизвици.

*Низ годините се менува улогата на социјалните мрежи, каде што веќе сме сите присутни поради најразлични причини и веќе животот во голема мера се одвива таму. На социјалните мрежи се префрли и играта во политиката, бидејќи политичките партии ја препознаа можноста за контрола на наративите преку социјалните мрежи.*[34]

Од 2014 година Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ) води Регистар на напади на новинари и медиумски работници и забележан е тренд на зголемен број на напади на новинарки. Милан Спировски од ЗНМ изјави дека *во последните 5 години постои тренд на зголемување на бројот на новинарки коишто алармираат дека се соочуваат со онлајн закани и говор на омраза на социјалните мрежи, најчесто на Фејсбук и во приватни пораки на месинџер. Меѓутоа до сега немаме пријава од новинарка за ваков случај.*[35]

Кристина Озимец од ПИНА смета дека *најзагрижувачки е што овој тип на однесување е нормализирано во новинарската професија, со изговорот дека таква е професијата, мора да имаме „дебела кожа“ и слично. Како резултат на тоа некогаш се игнорираат многу недозволиви и опасни работи. Дел од тие работи кои се кажани онлајн никогаш не би се толерирале офлајн, така што не знам зошто би постапувале поинаку.*

Кога станува збор за родовата димензија на онлајн нападите, сите интервјуирани лица ги посочија родовите стереотипи во нашето општество како основа за насилство, кои речиси никогаш не ја земаат предвид стручноста на новинарките.

34 Интервју со Кристина Озимец, ПИНА.

35 Интервју со Милан Спировски, ЗНМ.

*Многу често целта е да се дискредитираат новинарките, да се направат по-непрофесионални, алудирајќи на родовите стереотипи и нивната емоционалност во вршењето на работата. Најчест мотив за вознемирување на новинарките е критичката дејност која ја вршат преку својата работа. И самата го имам тоа почувствувано, штом станам погласна тогаш се активираат нападите.*[36]

Како резултат, онлајн нападите се најчесто поврзани со физичкиот изглед на новинарките, како и напади со сексуална конотација.

*Најчест коментар што машките колеги го добиваат е дека се глупави, а ние (новинарките) на тоа што сме глупави добиваме и една цела лепеза на навредливи коментари поврзани со нашиот физички изглед, дали сме во брак, дали имаме деца...луѓето си дозволуваат да нѐ коментираат и да служиме како боксерска врека на кому му текне.*[37]

Во рамки на јавната дискусија која пред неколку месеци ја организираше Хелсиншкиот комитет за човекови права (МХК) на тема „**Сајбер насилство - безбедност и самоцензура**", еден од заклучоците беше дека дигиталниот простор, наместо демократска средина која овозможува развој, се претвори во простор каде се крши автономијата на жените и резултира со самоцензура и повлекување. Според Славица Анастасовска од МХК, *најчесто се таргетираат жените од јавниот живот и најчесто станува збор за закани и навреди кои во основа произлегуваат од родовите стереотипи и родовите улоги, кои многу често го таргетираат физичкиот изглед на жената.*

Онлајн нападите според интервјуираните лица потекнуваат од различни извори и може да бидат во различни форми. Па така, и покрај тоа што најчесто станува збор за индивидуалци кои едноставно се нашле пред тастатура, сепак неретки се и политички организирани хајки кон одредени новинарки.

*Вознемирувањето може многу лесно да се префрли од онлајн во живо, а за ова имавме и судска пресуда пред две години. Ретко личноста што била иницијатор на говорот на омраза е свесна за она што го пишуваат и за последиците што можат да ги предизвикаат. Многу често започнува наивно, но има ефект на домино кој не може да се контролира.*[38]

36 Интервју со Кристина Озимец, ПИНА.

37 Интервју со Теодора Цветковска, ССНМ.

38 Интервју со Теодора Цветковска, ССНМ.

Сите интервјуирани потврдуваат дека самоцензурата постои, но дека нејзината форма може да биде различна. Според Кристина Озимец од ПИНА автоцензура е една од најсериозните опасности од онлајн нападите, имајќи ја предвид самата суштина на новинарската професија. Таа вели дека онлајн нападите влијаат врз слободата на медиумите и слободата на новинарстото. *Тие не го прават тоа тоа случајно. Кога не би влијаело, не би го ни правеле.*[39]

Теодора Цветковска од ССНМ смета дека онлајн насилството *многу повеќе влијае на менталното здравје отколку на попречување на работа на новинарките. Мислам дека автоцензурата е присутна повеќе во однос на споделување на нивниот приватен живот на социјалните мрежи.*

Она што од ЗНМ го забележале низ нивната истражувачка работа како интересен феномен, а тоа е дека *новинарките најчесто не реагираат на онлајн вознемирувањето. Она што ние како здружение се обидуваме да го направиме е да ги охрабриме сите недолични коментари и закани да ги пријават до нашето здружение или со наша помош до МВР.*[40]

Според сите интервјуирани лица бројот на случаи кои се пријавуваат, дури и до здруженијата, е значително мал, и покрај тоа што најголем дел од новинарките го препознаваат онлајн вознемирувањето.

*Во последниот период сме имале само еден случај на онлајн вознемирување на новинарка за кој беше пуштена кривична пријава за говор на омраза, кој се толкуваше како повикување за силување на Твитер. Во случајот имаше и говор на омраза и родово базирано насилство, но пријавата беше одбиена.*[41]

Причината за непријавувањето сметаат дека е резултат на недоверба во институциите, односно неефикасното постапување во случаите на вознемирување и напади на новинарките во дигиталниот простор.

*Правдата треба да биде ефикасна и ефективна, бидејќи нема поента настани да се процесираат по неколку години откако се случиле.*[42]

[39] Интервју со Кристина Озимец, ПИНА.

[40] Интервју со Милан Спировски, ЗНМ.

[41] Интервју со Славица Анастасовска, МХК.

[42] Интервју со Славица Анастасовска, МХК.

Според Милан Спировски од ЗНМ, новинарките *не пријавуваат затоа што сметаат дека летаргичноста на институциите и инертноста на правосудниот систем може да не им помогне, туку напротив дополнително да ја влоши состојбата.*[43]

Во однос на работата на Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика, според Славица Анастасовска од Хелсиншкиот комитет неефикасноста на Секторот е поради недостатокот на обучен кадар.

*Тимот кој работи во секторот е многу мал, а тој сектор е надлежен и за низа други сериозни кривични дела, како на пример компјутерски измами, кои според нив се приоритетни за постапување.*[44]

Во однос на законската регулатива, и покрај ветувачкиот потенцијал кој го носат измените на Кривичниот закон, сепак повеќето од интервјуираните лица сметаат дека е сосема возможно постапување и во рамки на постојната законска регулатива.

*Секако е потребно унапредување на законската регулатива, особено во делот на криминализирање на родово базираното насилство во онлајн просторот, но и примена на постоечките законски решенија, како на пример членот 144 од Кривичниот закон за делото Загрозување на сигурноста, кој предвидува вршење на овие дела и по пат на информатички систем.*[45]

Една од застапувачките цели на ЗНМ е создавањето на посебни оддели или одговорни лица во рамките на јавното обвинителство кои бидат специјализирани за работа на случаи поврзани со новинари и медиумски работници, со цел создавање на поефикасен систем на превенција и заштита, односно брза и ефикасна постапка која ќе придонесе за намалување на заканите и нападите.

ЗНМ  и ССНМ безбедуваат бесплатна правна помош за новинарите, како и МХК, но немаат можности за обезбедување на психолошка поддршка на новинарките.

43 Интервју со Милан Спировски, ЗНМ.

44 Интервју со Славица Анастасовска, МХК.

45 Интервју со Славица Анастасовска, МКХ.

Во насока на превенција од онлајн насилството, сите интервјуирани укажаа на потребата од спроведување на континуирани јавни кампањи за подигнување на свеста за онлајн насилството и неговите негативни последици, едукација која ќе вклучи и медиумска писменост, како и континуирано информирање на новинарките за заштита во дигиталниот простор.

*Една од основите за превенција е борба со предрасудите и родовите улоги во нашето општество кои се вкоренети уште од најмали нозе, како преку јавни кампањи, така и преку процесот на образование.*[46]

Кристина Озимец смета дека *со ПИНА навремено го детектиравме овој сериозен проблем кој им се случува на новинарките и токму затоа сакаме да придонесеме во кревање на свеста, како помеѓу новинарките така и помеѓу јавноста, за она што ни се случува и за тоа како може да промениме нешто во однос на овој загрижувачки тренд. Дополнително да се вклучат сите организации, но и институции и заедно да ги лоцираме пречките, законски или институционални, и да дојдеме до решение.*[47]

46 Интервју со Славица Анастасовска, МХК.

47 Интервју со Кристина Озимец, ПИНА.

# / ЗАКЛУЧОЦИ /

Со цел да се добие појасен увид во клучните наоди кои произлегоа од спроведената анализа, заклучоците ќе бидат прикажани преку дефинирање на силни страни, кои претставуваат основа за понатамошно унапредување на состојбата во оваа област, наспроти слабите страни, како ризици кои треба да се отстранат со цел да се обезбеди соодветна заштита на новинарките.

## Силни страни

- Зголемен интерес за справување со дигиталното насилство и неговите последици, особено врз жените;
- Високо ниво на свесност кај новинарките за препознавање на насилството и неговите негативни последици;
- Добра информираност на новинаркте за постоечките механизми за заштита, институционални и вонинституционални;
- Задржување на високо ниво на професионалност во извршување на новинарската работа и покрај нападите;
- Новинарките веќе применуваат одредени стратегии за справување со онлајн насилството и дел од нив ги сметаат за успешни;
- Чувството на страв за нивната физичка безбедност е ретко присутно кај новинарките
- Онлајн насилството ретко се префрла во офлајн просторот;
- Достапна е бесплатна правна помош за новинарките, пред сè преку здруженијата;
- Зголемено учество на новинарите во работните групи за изработка на закони во областа на медиумите;
- Предложените измени во Кривичниот закон ветуваат подобрување на состојбата со безбедноста и заштитата на новинарките во дигиталниот простор.

## Слаби страни

- Недоволна родова сензитивност и свесност за проблемот на онлајн насилството на јавноста, на раководните структури во рамки на медиумите и на надлежните институции;
- Недоволен капацитет на надлежните институции за препознавање и постапување во случаи на родово базирано насилство во дигиталниот простор;
- Неефикасно постапување од страна на сите надлежни институции во случаите на онлајн насилство;
- Времетраењето на постапките, како и нивниот финален исход ги демотивира новинарките да ги пријават случаите;
- Примена на двојни стандарди во ефикасноста на Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика, во зависност од функцијата на лицето кое е жртва на онлајн насилство;
- Недостаток на соодветни системи за прибирање на статистика за случаите на онлајн насилство од страна на институциите;
- Висок степен на непријавување на онлајн насилството од страна на новинарките;
- Висок степен на недоверба на новинарките во институциите и нивното постапување на секое ниво;
- Нормализирање на онлајн насилството како дел од професијата;
- Релативизирање на сериозноста на онлајн нападите и нивните последици, имајќи предвид дека немаат (најчесто) физички последици;
- Анонимност на напаѓачите преку користење на лажни профили и виртуелни приватни мрежи, што придонесува за зголемена храброст и агресивност во однесувањето;
- Недоволна законска регулатива во дигиталниот простор, особено во однос на криминализирање на онлајн насилството;

- Несоодветно спроведување на постоечката законска регулатива од страна на институциите;
- Непостапување од страна на Фејсбук платформата при пријавување на онлајн вознемирување;
- Ниска застапеност на жени на повисоки позиции во медиумите, со тоа и во процесите на донесување одлуки;
- Недоволно застапеност на специфичните потреби на новинарките во мерките и политиките за безбедност и заштита во дигиталниот простор;
- Негативно влијание на менталното здравје на новинарките;
- Заканите упатени на новинарките некогаш се проширувaат и на нивните најблиски;
- Присуство на организирани напади, кои често имаат политичко-партиска позадина
- Постоење на ризик од автоцензура;
- Непостоење на утврдени правила и мерки во рамки на работното место за заштита на новинарките во случаи на онлајн насилство;
- Непостоење на психолошка поддршка за новинарките кои доживеале насилство.

# / ПРЕПОРАКИ /

## Институциите

- Зајакнување на капацитетите на сите релевантни институции, особено МВР и Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика, ОЈО и судството, преку обуки за препознавање, квалификување и постапување во случаите на родово базирано насилство во дигиталниот простор, со фокус на примена на принципот на должно внимание и забрана за (ре)виктимизација, согласно Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство (ЗСЗНЖСН);

- Промоција и примена на родово сензитивен пристап од страна на релевантните институции во случаите на онлајн насилство врз новинарки, со оглед на тоа што најчесто станува збор за дејство кое се класифицира како родово базирано насилство;

- Итно донесување на измените на Кривичниот закон, особено во однос на криминализирање на насилството во дигиталниот простор, и соодветно санкционирање на сторителите на овој вид на насилство;

- Понатамошно усогласување на останатите закони во областа на медиумите со стандардите на Европската Унија;

- Да се дефинира поимот на интернет-малтретирање и негово законско регулирање, како и да се утврдат мерки за негова превенција, спречување и заштита;

- Мапирање на слабостите и потребите на Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика при МВР за ефикасно постапување во случаите на онлајн вознемирување и напади, и проценка на ресурсите кои се на располагање на Секторот за извршување на работата (број на вработени, соодветна стручност кадарот, соодветна технологија, можности за унапредување на работата, итн.);

- Назначување еден или повеќе јавни обвинители кои ќе бидат специјализирани за областа, односно ќе постапуваат по предмети за напади на новинари и медиумски работници, што ќе вклучи и постапување по предмети на насилство врз новинарките;

- Соодветно санкционирање на сторителите на насилство, зајакнување на ефикасноста на судството и почитување на итноста на постапките за заштита од родово базирано насилство од страна на судовите, согласно ЗСЗНЖСН;

- Надлежните институции (МВР, ОЈО и судство) да пристапат кон воспоставување и водење на евиденција за бројот на случаи и формите на родово базирано насилство (вклучително и насилство во дигиталниот простор) која ќе биде родово разделена, како и други податоци (на пример, воведување на професијата на жртвите на насилство) релевантни за следење на состојбата со родово базираното насилство, согласно ЗСЗНЖСН;

- Промоција на механизмите за заштита, како на пример Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, во чија надлежност спаѓа и вознемирувањето, согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација;

- Усогласување и координација на системите за прибирање и анализа на податоци за случаите на насилство врз новинарките во дигиталниот простор на сите субјекти кои водат статистика, со цел полесно пребарување на податоци, подобар увид во сериозноста на проблемот и креирање на соодветни мерки и политики за заштита;

- Подобрување на соработката и координацијата на сите релевантни институции со медиумските куќи и здруженијата во областа, преку одржување на периодични координативни состаноци на кои би се споделувале тековни информации за работата на институциите во оваа област и за проблемите со кои се соочуваат новинарите и новинарките поврзани со работата на институциите.

## Јавноста

- Спроведување на јавни кампањи за подигнување на свеста за последиците од насилството во дигиталниот простор, со посебен фокус на родово базираното насилство врз жените и новинарките;
- Спроведување на јавни кампањи и други промотивни и едукативни активности за зголемување на дигиталната писменост на пошироката јавност и промовирање на позитивна култура на јавно комуницирање и одговорна употреба на интернетот;
- Барање до политичките и партиските лидери за јавно залагање и осуда на секаков вид на насилство врз новинарите и новинарките;
- Преземање активности за застапување и промоција на принципот на нулта толеранција на насилството во дигиталниот простор од страна на сите релевантни чинители, вклучително институциите и здруженијата.

## Новинарките

- Спроведување на континуирани обуки на новинарките за заштита во дигиталниот простор, со фокус на социјалните медиуми;
- Континуирано информирање на новинарките за нивните права и сите заштитни механизми кои им се на располагање во земјава, како и услуги за поддршка, преку информативни сесии, дисеминација на информативни материјали и слично;
- Вклучување на новинарките во сите процеси на креирање на мерки, закони и политики кои се однесуваат на безбедност и заштита од насилство.

## Медиумските куќи и здруженијата

- Зајакнување на капацитетите на медиумските куќи, особено на раководните структури за препознавање и влијанието на онлајн вознемирувањето и нападите врз новинарките и за потребата од обезбедување на соодветна поддршка и заштита во рамки на самото работно место на новинарките кои се соочуваат со овој вид на насилство;

- Креирање и обезбедување на непречен пристап до различни услуги од страна на медиумските куќи и здруженијата, за поддршка на новинарките кои се жртви на онлајн вознемирување и напади, вклучително психолошко советување, бесплатна правна помош и друга стручна помош;

- Креирање на интерни правилници за чекорите при постапување во случаи на онлајн насилство врз новинарките, без разлика дали јавно или директно, и за обезбедување на заштита на новинарките, со почитување на правото на слободен говор;

- Назначување на одговорно лице во рамки на секој медиум кој споделува содржини онлајн, за следење и интервенирање при појава на вознемирувачки коментари поврзани со онлајн содржините;

- Создавање на систем на следење и архивирање на вознемирувачката содржина упатена до новинарките во рамки на секој медиум, со цел навремена превенција и проценка на ризик од ескалирање на насилството;

- Зајакнување на соработката и координацијата на медиумските куќи и професионалните здруженија за заедничко застапување во насока на наоѓање и спроведување на решенија за адресирање на проблемот и актуелизирање на оваа проблематика генерално.

# / БИБЛИОГРАФИЈА /

- Antonijevic, Z. (2016). The media cannot be truly free if women's voices are silenced. Во: New Challenges to Freedom of Expression: Countering Online Abuse of Female Journalists. OSCE. Достапно на: https://www.osce.org/files/f/documents/c/3/220411.pdf
- Бејкова Јошеска, Б. и Џигал, С. (2022). Анализа – Безбедносната и социо-економската состојба во медиумите: Со заедничко дејствување до поголемо почитување на правата на новинарите и на медиумските работници. ЗНМ и ССНМ. https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2022/03/Bezbedni-Mediumski-Rabotnici-Analiza-Book-WEB-MKD.pdf
- European Comission. (2021). North Macedonia 2021 Report. Достапно на: https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/north-macedonia-report-2021_en?fbclid=IwAR0kUDLDUuHAb33hTZqh-fyOdOJk5c2ocwtd1Fc2RFu06WuFOkREv4bRf1o
- Здружени на новинари на Македонија. (2021). Анализа: Слободата на медиумите и безбедноста на новинарите во РСМ низ призмата на постојните законски решенија -Како до подобри решенија? Достапно на: https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2021/06/publikacija-MK-internet-1.pdf
- IFJ global survey shows massive impact of online abuse on women journalists. https://www.ifj.org/media-centre/news/detail/article/ifj-global-survey-shows-massive-impact-of-online-abuse-on-women-journalists.html
- Khan, I. (2021). #JournalistsToo – Women Journalists Speak Out. Достапно на: https://srfreedex.org/wp-content/uploads/2021/11/JT_English.pdf
- ОБСЕ. (2019) Истражување спроведено од ОБСЕ за насилството врз жените во Северна Македонија: Благосостојбата и безбедноста на жените. Достапно на: https://www.osce.org/files/f/documents/5/4/424409_0.pdf
- Петковска, Н. и Лешоска, В. (2021). За кого интернетот е безбедно

место? Родово засновано насилство во онлајн просторот. Достапно на: https://glasprotivnasilstvo.org.mk/wp-content/uploads/2021/12/Za-kogo-internetot-e-bezbedno-mesto-finalno.-docx.pdf

- Reporters without Borders. Достапно на: https://rsf.org/en/country/north-macedonia

- Ристова, О. (2022). Клучните системски празнини и можни решенија за подобрување на целокупната средина во општеството, од аспект на безбедноста на новинарите и медиумските работници - документ за политики. ЗНМ. Достапно на: https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2022/02/AJM_BTD_Bezbednost-novinarite_MK_AL_EN.pdf

- Собрание на Република Северна Македонија. (2021). Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство.

- Спировски, М. (2021). Индекс на безбедноста на новинарите на Западен Балкан Наративен извештај Република Северна Македонија 2020. ЗНМ. Достапно на: https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2021/11/MK-Safety-Index-MKD_FINAL.pdf

- Спировски, М. и Настеска Каланоска, Б. (2022). Северна Македонија: Показатели за степенот на слобода на медиумите и за безбедноста на новинарите во 2021. ЗНМ. Достапно на: https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2022/05/MK-MK-2021-finalen-izvestaj.pdf

- Старова, Н. (2022). Клучните системски празнини и можни решенија за надминување на јазот во платите и потенцијалните проблеми со хиерархиската поставеност во медиумите базирани на родовата дискриминација – документ за политики. ЗНМ. Достапно на: https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2022/02/AJM_BTD_Rodova-diskriminacija-vo-mediumite_MK_AL_EN-1.pdf

- Сулејман, Д. и Брешковски, И. (2022). Напади врз новинарите и медиумските работници 2017-2021 година – Тенденции и препораки. ЗНМ. https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2022/06/Attacks-on-journalists-MK-310322.pdf

- Тунева, М. и Сандев, Л. (2022). Безбедноста на новинарите и медиумските работници – реалност или континуирана казна. ЗНМ. Достапно на:

https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2022/03/MK_Bezbednost-na-novinarite-i-mediumskite-rabotnici-130322.pdf

- UN. (2020). Combating violence against women journalists: Report of the Special Rapporteur on violence against women, its causes and consequences. Достапно на: https://documents-dds-ny.un.org/doc/UNDOC/GEN/G20/109/79/PDF/G2010979.pdf?OpenElement

- US Department of State. (2021). 2020 Country Reports on Human Rights Practices: North Macedonia. Достапно на: https://www.state.gov/reports/2020-country-reports-on-human-rights-practices/north-macedonia/

- Ferrier, M. (2018). Attacks and Harassment: The Impact on Female Journalists and Their Reporting. International Women's Media Foundation. Достапно на: https://www.iwmf.org/wp-content/uploads/2018/09/Attacks-and-Harassment.pdf

